USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС 25 ГОДИНИ

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

ТЕЛМА

# РЕФЕРЕНДУМ

## ставови на јавноста

## 2018



**Издавачи**
Телевизија Телма
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС)
**Агенција за истражување на јавното мислење**
М-проспект
**За издавачите**
Атанас Кировски, директор и главен одговорен уредник на ТВ Телма
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Гонце Јаковлеска, извршен директор на МЦМС
Марко Трошановски, претседател на ИДСЦС

**Истражувачи/автори**
Александар Кржаловски, Миша Поповиќ

**Лектура**
Даниел Медароски

Септември 2018 г.

**Контакт**
**ТВ Телма –** адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 51, 1000 Скопје;
Тел.: +389/2/3076-677; Факс: +389/2/3077-279; е-пошта: telma@telma.com.mk;
Facebook: https://www.facebook.com/TVTelma/; Twitter: https://twitter.com/televizijatelma?lang=en

**МЦМС -** адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел.: +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk;
Веб-страница: www.mcms.mk
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk
Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

**ИДСЦС -** адреса: ул. „Теодосиј Гологанов“ бр. 42А/3 и 42А/4, 1000 Скопје;
Тел.: +389 2 3094 760; Факс: +389 2 3094 760; е-пошта: contact@idscs.org.mk; Веб-страници: http://idscs.org.mk/mk/ Facebook: https://www.facebook.com/IDSCS/ Twitter: https://twitter.com/IDSCS_Skopje

**М-проспект** – адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41, 1000 Скопје;
Тел.: +389/2/ 3075-366; е-пошта: contact@m-prospect.com
Веб-страница: http://www.m-prospect.com
Facebook: https://www.facebook.com/MProspect

**ТВ ТЕЛМА, МЦМС, ИДСЦС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.
Овој извештај е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на проектот „Топ тема на ваша страна“. Содржината на публикацијата е одговорност на авторот и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# РЕФЕРЕНДУМ 2018

**Ставови на јавноста во Македонија**
**Втора анкета, спроведувана во периодот 07-25.08.2018 година**

## СОДРЖИНА


СОДРЖИНА ........ 3

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 4

ПРЕДГОВОР ........ 5

1. ВОВЕД ........ 6

1.1. Методологија и пристап ........ 6
1.2. Обработка и прикажување на резултатите ........ 6
1.3. Ограничувања на истражувањето ........ 6

2. СТАВОВИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ ........ 7

3. СТАВОВИ ЗА ГЛАСАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ ........ 10

3.1. ПРИЧИНИ „ЗА“ ПОДДРШКА НА РЕФЕРЕНДУМОТ ........ 11
3.2. СТАВОВИ „ПРОТИВ“ РЕФЕРЕНДУМОТ ........ 12
3.3. СТАВОВИ НА НЕОПРЕДЕЛЕНИТЕ ........ 12

4. СОГЛАСНОСТ СО ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО РЕФЕРЕНДУМОТ ........ 12

ЗАКЛУЧОЦИ ........ 14

ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК ........ 15

ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ - НАСЕЛЕНИЕ ........ 17

ПРОФИЛ НА ИЗДАВАЧИТЕ ........ 18

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРИТЕ ........ 18

ПРОДОЛЖИ СО ЧИТАЊЕ ........ 18

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ЕК / ЕУ | Европска комисија / Европска Унија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас цивилис |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ООН | Организацијата на Обединетите нации |
| НАТО | Северноатлантска алијанса |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |

| | |
|---|---|
| БО | без одговор |
| НЗ | не знам |
| ПП | процентни поени |

# ПРЕДГОВОР

МЦМС и ИДСЦС во континуитет го поддржуваат правото на самоидентификација на Република Македонија.

Во 2004 г. заедно со други организации МЦМС ја организира и учествуваше во кампањата „Кажи Македонија“ (Не ме Фиромирај). Во 2008 г. со заедничка изјава „И Македонија и НАТО“, МЦМС заедно со неколку организации повторно се произнесе сметајќи дека името е право на самоидентификација.

ИДСЦС речиси 20 години е пионер во граѓанското општество во истражувања на јавното мислење на релеванти општествено-политички теми со што располага со една од најобемните бази на податоци на јавно мислење од поновата историја на земјата.

По непоканувањето за членство во НАТО во 2008 г., како и по застојот во интегра-цијата во ЕУ од 2009 г., спорот за името Македонија станува главна пречка во евроатлантските интеграции на Македонија.

Во 2010 г. МЦМС за првпат спроведе истражување на јавното мислење во Македонија за спорот за името Македонија. Во 2011 и во 2013 година МЦМС и ИДСЦС, водени од застојот на евроатлантските интеграции на Македонија и потребата за политики засновани на факти, ги здружуваат своите заложби и ескепртиза и спроведоа повеќе истражувања за спорот за името Македонија, а последното од тој вид го спроведоа во април 2018 година.

Со оглед на постигнувањето на Договорот (конечна спогодба) со Грција во јуни оваа година, како и очекуваниот референдум наесен, МЦМС и ИДСЦС одлучи да го испита јавното мислење за самиот договор и за претстојниот референдум. Оваа анкета (теренска) која е дел од проектот „Топ тема на Ваша страна“ на Телевизија Телма, е втора во однос на референдумот, а е спроведена во соработка меѓу ТВ Телма, МЦМС и Институтот за демократија Социетас цивилис Скопје (ИДСЦС) од 7 до 25 август 2018 година. Наодите се дадени во овој извештај, а за споредба се користени и податоци од првата анкета за референдумот (телефонска), спроведена во јули 2018 година.

Истражувањето треба да придонесе кон поширока и поинформирана јавна дебата за спорот за името и договорот со Грција, во која ќе бидат вклучени сите релевантни чинители.

Александар Кржаловски,
прв извршен директор на МЦМС

Марко Трошановски,
претседател на ИДСЦС

# 1. ВОВЕД

Во овој извештај „Референдум 2018 – втора анкета“ презентирани се и анализирани се ставовите на јавноста во Македонија во однос на претстојниот референдум за постигнатиот договор со Грција за спорот околу името на државата, добиени преку испитувањето на јавното мислење кое за ТВ Телма, МЦМС и ИДСЦС го спроведе агенцијата М-проспект од 07 до 25 август 2018 година.

Извештајот е составен од вовед, вклучувајќи и методологија, наоди во однос на излезноста на референдумот, потоа следуваат ставовите како ќе гласаат испитаниците (за/против), како и причините кои граѓаните ги наведуваат за својот избор, поглавје со ставови за (не)поддршка на одредени специфични прашања поврзани со референдумот, а завршува со заклучоци.

## 1.1. Методологија и пристап

Анкетата е спроведена од агенцијата М-проспект Скопје, на повеќеслоен стратификуван примерок од 1.000 испитаници постари од 18 години, национално репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност, регион и место на живеење. Анкетирањето е правено на македонски и на албански јазик. Сите резултати се урамнотежени (пондерирани) според официјални демографски статистички податоци на Државниот завод за статистика, вклучително и Процената на населението од 2017 година. Сите резултати се подложни на статистичка грешка од 3,1% со прифатливо ниво на доверба од 95%.

## 1.2. Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок, освен за прашањата каде не се прашани сите учесници во анкетата и тоа е нагласено во соодветните делови на извештајот. Освен со графикони, дел од податоците се прикажани и во табели.

Заради задржување на репрезентативност во однос на етничката припадност, не е направено вообичаеното пондерирање (воедначување) во однос на резултатите на последните парламентарни избори (декември 2016 година).

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10% од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70%.

Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во табелите и графиконите, со термините етнички Македонци, етнички Албанци итн. е означена етничката припадност на испитаниците. Со имињата на политичките партии се означени граѓаните симпатизери (не членови или гласачи) на соодветната политичка партија.

При обработката се земени предвид и резултатите за „не знам“ и „без одговор“. Но, во одредени табели и графикони не се прикажани овие резултати, поради што збирот на сите одговори не е 100%. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

## 1.3. Ограничувања на истражувањето

Примерокот за истражувањето е стандарден, но се базира на податоци од пописот од 2002 година, кои можеби се застарени и не ја одразуваат целосно реалната ситуација на теренот, иако се модифицирани според периодичната процена на ДЗС од 2017 година.

Дополнително, анкетирањето е правено само на територијата на Република Македонија и не ги вклучува граѓаните кои имаат право на глас, но живеат или во периодот на анкетирањето престојувале во странство.

## 2. СТАВОВИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Во оваа анкета, спроведена во август 2018 година, првите прашања се однесуваа на процена на можната излезност на референдумот. Ова и заради засилената кампања „Бојкотирам“, која во отсуство на одлука на главната опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ и активна кампања „Против“, засега е главна алтернатива на владејачката коалиција која веќе ја започна кампањата „За“ референдумското прашање.

**Графикон 1 – На претстојниот референдум за Спогодбата за името со Грција:**




Како што се гледа од графикон 1, на првото прашање во анкетата, дали ќе излезат на гласањето на 30 септември, мнозинството испитаници (57,8%) одговориле позитивно. Речиси една третина (28,8%) пак велат дека нема да излезат, додека 11,2% сè уште немаат одлучено за тоа или (2,2%) не одговориле на прашањето.

Во однос на првата анкета, се бележи пад на можната излезност на гласањето (од 66,6% на 57,8% или намалување од 8,8 процентни поени (пп)), а од друга страна пораст на бројот на испитаници кои се веќе определени да не излезат на гласање на 30 септември (од 19,8% на 28,8% или разлика од точно 9 пп). Со оглед на тоа што бројот на неопределени лица и тие што не одговориле на прашањето е незначително различен од првата анкета (0,4 пп), промената на определбата е речиси во целост од тие што претходно се изјасниле дека ќе излезат на гласање, а сега велат дека сепак нема да гласаат.

**Табела 1 – На престојниот рефернедум за Спогодбата за името со Грција:** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ќе излезам | 52,4 | 70,6 | 29,8 | 93,8 | 78,3 | **57,8** |
| Нема да излезам | 33,5 | 19,1 | 57,7 | 3,8 | 14,4 | **28,8** |
| Не знам/одбива да одговори | 14,1 | 10,3 | 12,5 | 2,5 | 7,3 | **13,4** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Мнозинстовото етнички Македонци (52,4%) и големо мнозинство етнички Албанци (70,6%) се определени да излезат на гласање, а според очекувањата во големи мнозинства тоа се симпатизерите на СДСМ и на ДУИ. Кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, мнозински (57,7%) е ставот да не се излезе на референдумот (29,8% сепак би излегле).

Со оглед на значењето на излезноста, односно постигнувањето на цензусот (50%+1 од вкупниот број гласачи, или околу 907.000 гласачи) за успешност на референдумот, со дополително прашање, направен е обид да се процени реалната излезност.

**Графикон 2 – Колку е веројатно дека ќе гласате на претстојниот референдум на скала од 1 до 10? (**каде еден значи најмалку веројатно, а 10 значи најмногу веројатно)




Вообичаено за ваков тип опции за одговор, има концентрација на краевите (во случајов оценките 1 и 10). Највисока е определеноста за сигурно излегување (34,1%) а нешто помалку изразена е крајната одлучност да не се излезе, која е присутна кај 22,7% од испитаниците.

Од искуствата со поранешни анкети, реално може да се смета на излезност која е збир од трите последни одговори (10, 9 и деумно 8), односно до 47%.

Овој наод е дополнително потврден со проекција на одговорите кои укажуваат дека испитаникот ќе излезе на референдум и претходно гласање во 2016-тата година на парламентарните избори. Вкрстените определби помеѓу референдумското изјаснување и претходно гласање беа проектирани на фактичките гласови добиени во 2016-тата година. Така, на пример, гласовите за СДСМ во 2016 г. се поделени според тоа вкрстување на оние што ќе излезат и ќе се изјаснат за, против или се сè уште неопределени, наспроти оние што нема да излезат или се неодлучни дали воопшто да излезат. За сите партии и на оние неопределени во 2016 г. беа калкулирани вакви проекции и изведени збирови. На крајот, збирот на гласови за страната која ќе излезе изнесува 46,4%. Оваа проекција треба да се гледа во интервал на грешка од ±3,1%.

Од интерес во вој дел од анкетата беше и да се истражат причините за неизлегување на оние анкетирани лица кои го одбрале тој одговор (28,8%, односно 288 од анкетираните).

**Графикон 3 – Ако не излезете на референдумот, тоа е поради тоа што:** (процент од оние кои се изјасниле дека нема да излезат, односно од 28,8% од вкупниот примерок)




Доминантна причина за неизлегување, која ја навеле 59,2% од тие што изјавиле дека НЕМА да излезат, или 17,1% од вкупниот број испитаници, е бојкот на референдумот. Дел од овие испитаници (27% или 7,8% од вкупниот примерок) навеле дека референдумот не ги интересира, а околу 5% од нив (1,4% од вкупниот број анкетирани) дека ќе бидат спречени да гласаат (вклучително и заради отсуство од државата). Останатите 9% (2,6% вкупно) не знаат или не навеле причина за својата одлука за неизлегување на референдумот.

**Табела 2 - Ако не излезете на референдумот, тоа е поради тоа што:** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на партија; процент од оние кои се изјасниле дека нема да излезат)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Не ме интересира | 16,9 | 72,0 | 9,8 | 21,8 | 72,9 | **27,0** |
| Бојкотирам | 71,0 | 8,5 | 81,7 | 55,6 | 9,2 | **59,2** |
| Нема да бидам во земјата / ќе бидам спречен | 3,2 | 13,0 | 2,2 | 11,3 | 8,6 | **4,9** |
| Не знае | 1,2 | 4,2 | 0,7 | 0 | 9,4 | **2,8** |
| Одбива да одговори | 7,7 | 2,2 | 5,5 | 11,3 | 0 | **7,0** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Очекувано, бојкотот е главно во „кампот“ на етничките Македонци (71% од нив кои на првото прашање се определиле дека нема да излезат на гласање, односно 15,7% од вкупниот број испитаници) и меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (81,7% од нив, односно 10,6% од вкупниот примерок), но за одбележување е дека и меѓу симпатизерите на СДСМ тоа е мнозински став од оние кои се изјасниле дека НЕМА да излезат на референдумот (55,6% од нив, но треба да се има предвид дека само 3,8% од симпатизерите на СДСМ изјавиле дека нема да излезат или тоа е само 5 од сите 1.000 испитаници). Интересно е дека има (иако малобројни) и етнички Албанци, вклучително и приврзаници на ДУИ кои би го бојкотирале референдумот.

# 3. СТАВОВИ ЗА ГЛАСАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Секако, најважното прашање и во оваа анкета беше самото референдумско прашање и изјаснувањето на анкетираните граѓани во однос на тоа прашање.

Пред да се презентираат резултатите на ова прашање и тие да се анализираат, треба да се нагласи дека ова прашање е поставено САМО до оние анкетирани лица, кои на првото прашање (за излезноста) одговориле дека ЌЕ ИЗЛЕЗАТ да гласаат на референдумот на 30 септември. Тоа се 57,8% од вкупниот број испитаници, односно 578 од анкетираните 1.000 лица.

**Графикон 4 – Ако излезете, на референдумското прашање „Дали сте за членство во ЕУ и во НАТО со прифаќање на Договорот меѓу Република Македонија и Република Грција", вашиот одговор ќе биде:** (процент од оние што се изјасниле дека ќе излезат да гласаат)




Значи, кога прашањето како ќе гласаат на референдумот се поставува на веќе определените испитаници за гласање, тогаш поддршката на опцијата „За" е со големо мнозинство (70,8% од тие што ќе излезат на гласање, односно 40,9% од сите испитаници). Во кампот „Против" би биле околу 15% од тие што ќе излезат на гласање (односно само 8,6% од вкупниот број анкетирани лица), а и во сличен број од околу 15% се и оние кои и покрај тоа што изјавиле дека ќе гласаат на референдумот, сè уште не се одлучиле (или не одбиле да кажат) како ќе се изјаснат (за или против).

Во споредба со првата анкета (јули 2018 г.), и покрај укажувањето дека сепак има две разлики во однос на начинот на анкетирање (во првата анкета прво е прашано за самото гласање за или против, а потоа дали воопшто ќе се излезе на гласање и второ – дека тогаш се прашани сите анкетирани лица за став (за или против), а сега само оние кои изјавиле дека ќе излезат на референдумот), може да се забележат две битни работи:

- поддршката на опцијата „За" е стабилна и речиси непроменета (41,5% во првата анкета, а 40,9% во оваа анкета);
- има битно намалување на опцијата „Против" (од 35% во првата анкета, на околу 15% во оваа анкета).

Од ова може да се изведе заклучок дека во максимален случај, на референдумот би имало околу 750.000 гласови „за", но ако ова се коригира на ист начин како за излезноста, се добива нешто повеќе од 615.000 гласови „за".

**Табела 3 - Ако излезете, на референдумското прашање „Дали сте за членство во ЕУ и во НАТО со прифаќање на Договорот меѓу Република Македонија и Република Грција“, вашиот одговор ќе биде:** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии; процент од оние што се изјасниле дека ќе излезат да гласаат)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| За | 61,7 | 88,8 | 9,0 | 92,1 | 89,8 | **70,8** |
| Против | 21,8 | 3,0 | 81,7 | 1,3 | 1,8 | **14,8** |
| Неопределен | 11,6 | 7,5 | 4,8 | 5,3 | 6,7 | **10,9** |
| Одбива да одговори | 5,0 | 0,6 | 4,5 | 1,2 | 1,8 | **3,5** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

Во табелата погоре, дадена е и распределбата на одговорите на референдумското прашање по етничка основа и според симпатизерство на најголемите партии.

Од оние испитаници кои рекле дека ЌЕ излезат на гласање, мнозинска е поддршката „За“ и кај етничките Македонци (61,7%) и кај етничките Албанци (88,8%), а логично – тоа е доминантна опција и кај приврзаниците на СДСМ (92,1%) и на ДУИ (89,8%). Кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ пак доминира опцијата „Против“ (81,7% од оние симпатизери на оваа партија кои рекле дека ќе излезат на гласање, а тоа се отприлика 1 на секои 3 симпатизери).

Во понатамошниот тек на анкетата, прашано е и за причините за секој од ставовите (за, против, како и за неопределеноста), а битно е да се нагласи дека се прашувани САМО тие лица кои избрале една од овие три опции на главното анкетно прашање (409 за, 86 против и 63 неопределени), а и тогаш дел од нив одбрале да не одговорат на овие дополнително прашање, па со оглед на малиот број одговори – не се правени посебни процени и анализи по основ на етничката припадност и симпатизерството на партиите.

## 3.1. ПРИЧИНИ „ЗА“ ПОДДРШКА НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Како главна причина за поддршка на рефередумот, односно гласање „за“ на 30 септември, испитаниците кои така се определиле (409 од нив, односно 40,9% од вкупниот примерок), навеле дека договорот ќе помогне за влез на државата во ЕУ и во НАТО (62,3% од нив, односно 25,5% од сите испитаници). Дополнителни 26,7% од нив (односно 10,9% од целата популација) сметаат дека договорот е добро решение за долгогодишниот спор. За мал дел, причините се дека немаме друг избор, односно дека со гласање „за“ ќе имаме еден проблем помалку. Распоредот по етничка и партиска припадност е даден подолу.

**Табела 4 - Која е причината за тоа што ќе гласате ЗА на референдумот?** (приказ според етничката припадност и симпатизерството на политички партии; еден одговор)

| Став (%) | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Договорот е добро решение на долгогодишниот спор | 38,8 | 11,9 | 33,9 | 39,0 | 12,9 | **26,7** |
| Договорот ќе ни помогне за влез во ЕУ и во НАТО | 51,1 | 76,6 | 50,0 | 52,4 | 83,7 | **62,3** |
| Ќе гласам да имаме еден проблем помалку | 3,6 | 5,2 | 0 | 3,9 | 3,4 | **4,1** |
| Немаме друг избор | 5,4 | 3,7 | 16,1 | 4,1 | 0 | **5,2** |
| Друго | 1,0 | 2,6 | 0 | 0,6 | 0 | **1,7** |
| Вкупно | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | **100,0** |

### 3.2. СТАВОВИ „ПРОТИВ“ РЕФЕРЕНДУМОТ

Испитаниците кои се определиле да излезат на гласање, а при тоа да гласаат „против“, вкупно 8,6% од сите испитаници, како најчести причини за таквиот нивни став навеле дека со договорот се менува идентитетот на Македонците и дека со него се нанесува штета на државните интереси.

Покрај овие, испитаниците, во мал број, навеле и други причини, како тоа дека референдум воопшто не треба да има, дека не сакаат Република Македонија да стане член на ЕУ и/или НАТО, или дека не им дава совеста да гласаат „за“.

Како што беше наведено погоре, малиот број испитаници кои одговориле на ова прашање, не овозможува издржана понатамошна анализа по дополнителни параметри, како етничка припадност или симпатизерство на политички партии.

### 3.3. СТАВОВИ НА НЕОПРЕДЕЛЕНИТЕ

Мала група од испитаниците кои се определиле за гласање на референдумот, сè уште се нема одлучено како ќе гласаат (за или против). Тоа се 6,3% од вкупниот број испитаници.

Како најважни причини (за својата неопределеност) истакнуваат дека со договорт немаме доволно гаранции за влез во ЕУ и во НАТО или дека немаат доволно информации за да се одлучат.

Според тоа, најголем дел од нив очекуваат повеќе информации за самиот договор и придобивките од него, но некои наведуваат и поцврсти гаранции за влез во ЕУ и во НАТО, за да се одлучат како ќе гласаат.

## 4. СОГЛАСНОСТ СО ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО РЕФЕРЕНДУМОТ

Во последниот дел од анкетата, испитаниците (сите) се прашани за степенот на согласност (целосно или делумно) со определени прашања поврзани со референдумот.

**Графикон 5 – Степен на согласност со клучни прашања поврзани со референдумот:**



Табелата погоре ја покажува поларизираноста на граѓаните по речиси сите прашања поврзани со референдумот.

Поизразена разлика (над 20 процентни поени) има на две прашања, во кои испитаниците сметаат дека:

- сите граѓани **треба да излезат** на референдумот (58,5% се соглаувaат, а 34,9% не се согласуваат со оваа изјава, односно разликата е 23,6 пп);

- референдумот **треба(ше) да биде задолжителен**, а не консултативен (55,9% се согласуваат, а 33,9% не, односно има разлика од 22 пп).

Мнозинска поддршка, но со помали разлики има и за следните ставови:

- Македонија **нема** подобри алтернативи од ЕУ и од НАТО (52,6% се согласуваат, а 35,3% не);

- Одлуката за референдум **мора(ше)** да биде донесена во согласност со сите политички партии (57,6% наспроти 43,1%);

- референдумското прашање е **јасно формулирано** (52,6% наспроти 38,7%);

- договорот со Грција е **добар компромис** меѓу заложбите за зачувување на идентитетот и стремежот за интеграција во ЕУ и во НАТО (51,2% наспроти 41,6%).

Од друга страна, мнозинско е **несогласувањето** со изјавата дека „постапката во Собранието за спроведување на договорот треба да продолжи без оглед на исходот на референдумот“, со 50,7% кои **не** се согласуваат и 38,4% кои се согласуваат.

Како најконтроверзни (најмала разлика меѓу тие што се согласуваат и тие што не се согласуваат, со разлики помали од 10 процентни поени и без 50% поддршка за едниот или спротивниот став) се преостанатите три прашања:

- договорот **им штети** на државните интереси (48% се согласуваат, наспроти 40,5% кои не се согласуваат);

- Македонија **не може** да добие подобар договор со Грција во иднина (44,2% наспроти 40%);

- треба да се следи волјата на мнозинството граѓани што ќе гласаат, без оглед колку граѓани ќе излезат да гласаат, дури и ако се помалку од 50% (тука повеќето – 46,3% не се согласуваат со изјавата, додека 43,0% се согласуваат).

Накратко, може да се сумира дека граѓаните очекуваат мнозинството гласачи да излезат на референдумот и да гласаат, а потоа да се почитува волјата на мнозинството кои гласале (за или против), но дека ако не се постигне цензусот – постапката да запре тука, односно да не се продолжи во Собранието со уставните промени.

# ЗАКЛУЧОЦИ

**Неизвесен цензус на референдумот**

Анкетните резултати натфрлаат во процената на излезност (во случајов 57,8%), бидејќи избирачкиот список е значително поширок од населението според кои се базира истражувањето. Реално е да се очекува дека коригираната проекција на излезност од 46% се движи помеѓу 43% и 49%, имајќи ги предвид маргините на статистичка грешка од ±3,1%. Оттука, излезноста се приближува до потребниот цензус, но е неизвесно дали ќе се достигне, имајќи ја предвид активната кампања која повикува за бојкот.

**Стабилна поддршка на опцијата „за" на референдумот од околу 41%**

Според истражувањето, кампот „За" е поголем од оние што се изјаснуваат против и оние што активно нема да гласаат, односно ќе бојкотираат. Сепак, на оние што ќе бојкотираат им се придодаваат политички незаинтересираните граѓани и оние што од други причини ќе бидат спречени да се изјаснат на референдумот.

**Прелевање на оние кое биле „против" кон кампот "бојкотирам"**

Споредено со претходната анкета (јули 2018 г.), најзначајната промена е во „кампот" на граѓаните кои не го поддржуваат референдумот (односно договорот со Грција), со зголемување на оние кои сега се определуваат за бојкот на референдумот, на сметка на лицата кои претходно се изјасниле дека сепак би излегле на гласање и би гласале „против".

**Поларизираност на речиси сите прашања поврзани со референдумот**

Во десетте ставови поврзани со референдумот за кои беа прашани граѓаните, има релативно голема поларизираност меѓу граѓаните. На сите прашања согласноста (целосна или делумна) или несогласноста е поголема од 35%, а помала од 60%.

За повеќето (7 од 10) сепак има мнозинска (иако) мала поддршка, но 4 од нив се во прилог на „кампот" за поддршка на референдумот (вклучувајќи ја и постапката по која е распишан и се спроведува), додека 3 не се.

Најподелени се мислењата во однос на тоа дали може да се добие подобар договор со Грција во иднина, како и за тоа дали да се продолжи постапката во Собранието ако не се постигне цензусот на референдумот.

Накратко, може да се сумира дека граѓаните очекуваат мнозинството гласачи да излезат на референдумот и да гласаат, а потоа да се почитува волјата на мнозинството кои гласале (за или против), но дека ако не се постигне цензусот – постапката да запре тука, односно да не се продолжи во Собранието со уставните промени.

# ПРИЛОГ 1. ПРАШАЛНИК

**П 1**. На претстојниот референдум за Спогодбата за името со Грција:
- Ќе излезам на референдумот
- Нема да излезам на референдумот

**П 2**. Колку е веројатно дека ќе гласате на претстојниот референдум на скала од 1 до 10? (каде 1 значи најмалку веројатно, а 10 значи најмногу веројатно)

**П 3.** Ако 1 = Ќе излезам: На референдумското прашање „ Дали сте за членство во ЕУ и во НАТО со прифаќање на Договорот меѓу Република Македонија и Република Грција?“ вашиот одговор ќе биде:
- За
- Против
- Сѐ уште не сум определен

**П 4.** Ако 1 = Нема да излезам - тоа е поради тоа што:
- Не ме интересира
- Бојкотирам
- Нема да бидам во земјата/ ќе бидам спречен
- Не знам
- Одбива да одговори

**П 5.** Ако 3 = Против; или ако 4 = Бојкотирам - Која е причината за тоа што сте против/ бојкотирате?
ДО ТРИ ОДГОВОРИ
- Со Договорот се нанесува штета на државните интереси
- Референдумот воопшто не треба да се одржи
- Се менува идентитетот на Македонците
- Нема гаранции дека ќе влеземе во ЕУ и во НАТО
- Не сакам да влеземе во ЕУ и во НАТО
- Не ми дава совеста
- Друго______
- Не знам
- Одбива да одговори

**П 5.1.** Која од овие причини за Вас е најважна?
- Со Договорот се нанесува штета на државните интереси
- Референдумот воопшто не треба да се одржи
- Се менува идентитетот на Македонците
- Нема гаранции дека ќе влеземе во ЕУ и во НАТО
- Не сакам да влеземе во ЕУ и во НАТО
- Не ми дава совеста
- Друго________
- Не знам
- Одбива да одговори

**П 6.** Ако 3 = Неопределен - Која е причината за тоа што сте сè уште неопределени? ДО ТРИ ОДГОВОРИ

- Немам став по прашањето
- Нема доволно информации за да одлучам
- Нема гаранции дека ќе влеземе во ЕУ и во НАТО
- Мојот глас не прави разлика
- Не верувам во политика/држава/институции
- Друго________
- Не знам

**П 6.1.** Која од овие причини за Вас е најважна?

- Немам став по прашањето
- Нема доволно информации за да одлучам
- Нема гаранции дека ќе влеземе во ЕУ и во НАТО
- Мојот глас не прави разлика
- Не верувам во политика/ држава/ институции
- Друго_________
- Не знам

**П 7.** Ако 6 = Нема доволно информации - Што би ви помогнало да се определите? ЕДЕН ОДГОВОР

- Објаснување на Договорот
- Објаснување за тоа што добиваме од Договорот
- Објаснување на придобивките и недостатоците од членството во ЕУ и во НАТО
- Гаранции за влез во ЕУ или во НАТО
- Не знам
- Одбива да одговори

**П 8.** Ако 3 = За - Која е причината за тоа што ќе гласате ЗА на референдумот? ЕДЕН ОДГОВОР

- Сметам дека договорот е добро решение на долгогодишниот спор
- Договорот ќе ни помогне за влез во ЕУ или во НАТО
- Ќе гласам да имаме еден проблем помалку
- Немаме друг избор
- Друго
- Не знам

**П 9.** Колку се согласувате со следните изјави?

(целосно се согласувам; делумно се согласувам; делумно не се согласувам; целосно не се согласувам)

- „Договорот со Грција е добар компромис меѓу заложбите за зачувување на идентитетот и стремежот за интеграција во ЕУ и во НАТО"
- „Референдумот треба да биде задолжителен, а не консултативен"
- „Референдумското прашање е јасно формулирано"
- „Одлуката за референдум не мора да биде донесена во согласност со сите политички партии"
- „Сите граѓани треба да излезат на референдумот"
- „Треба да се следи волјата на мнозинството граѓани што ќе гласаат, без оглед колку граѓани ќе излезат да гласаат, дури и ако се тоа помалку од 50 проценти"
- „Постапката во Собранието за спроведување на договорот треба да продолжи без оглед на исходот на референдумот"
- „Македонија може да добие подобар договор со Грција во иднина"
- „Македонија има подобри алтернативи од ЕУ и од НАТО"
- „Договорот им штети на државните интереси"

# ПРИЛОГ 2. СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ - НАСЕЛЕНИЕ

Примерокот за теренската анкета опфати 1.000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативноста беа: пол, возраст, етничка припадност, регион и место на живеење.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 49,7 |
| Жена | 50,3 |
| Возраст | % |
| Од 18 до 29 години | 21,1 |
| Од 30 до 39 години | 19,5 |
| Од 40 до 49 години | 17,8 |
| Од 50 до 64 години | 24,6 |
| Над 65 години | 17,1 |
| Етничка припадност | % |
| Македонска | 66,3 |
| Албанска | 24,2 |
| Турска | 1,7 |
| Ромска | 2,0 |
| Српска | 2,3 |
| Влашка | 0,9 |
| Бошњачка | 1,7 |
| Друго | 0,9 |
| Образование | % |
| Основно или помалку | 4,2 |
| Средно | 63,3 |
| Вишо/високо | 32,4 |
| Место на живеење | % |
| Урбано | 61,3 |
| Рурално | 38,7 |

| Работен статус | % |
|---|---|
| Вработен во јавна институција | 18,6 |
| Вработен во приватна институција | 22,1 |
| Невработен | 18,0 |
| Самовработен | 7,8 |
| Студент / ученик | 9,8 |
| Пензионер | 20,0 |
| Друго | 3,1 |
| Одбива да одговори | 0,7 |
| Регион | % |
| Скопски | 32,0 |
| Југоисточен | 8,0 |
| Источен | 10,1 |
| Североисточен | 7,9 |
| Вардарски | 7,1 |
| Југозападен | 9,9 |
| Полошки | 12,8 |
| Пелагониски | 12,1 |
| Симпатизерство кон партии | % |
| ВМРО-ДПМНЕ | 22,6 |
| СДСМ | 24,1 |
| ДУИ | 7,6 |
| Алијанса за Албанците | 3,0 |
| БЕСА | 3,2 |
| Други | 5,7 |
| Нема да гласам | 11,4 |
| Не знам/без одговор | 22,3 |

# ПРОФИЛ НА ИЗДАВАЧИТЕ

**Телевизија Телма** е национална телевизија, основана во 1996 година, а програма на национално ниво емитува од 1998 година и е еден од лидерите во информативната, дебатната и филмската програма. „Топ тема на Ваша страна“, во чии рамки е спроведено ова истражување, е дебатен магазин во продукција на Телевизија Телма, а поддржан од Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

**Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)** веќе 25 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми.

МЦМС дејствува во секторите на: развој на граѓанското општество, добро владеење (антикорупција), социјална инклузија (вработување, образование, дијалог и културна различност). Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.600 проекти со вкупен буџет од над 60 милиони евра.

**Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС)** е граѓанска организација основана во 1999 година од група интелектуалци собрани околу идејата за демократија, солидарност и цивилно општество. Долгорочните цели на Институтот се да работи на балансиран социо-економски развој, активна граѓанска вклученост и партиципативна политичка култура, како и остварување на либералните вредности во македонското општество. Својата работа ИДСЦС првенствено ја заснова на социометриски истражувања и проектни активности. Веруваме дека човековиот капитал е главен предуслов за позитивна општествена промена и затоа посветено работиме на проекти за подобрување на капацитетите, преку трансфер на знаење и вештини.

# БЕЛЕШКА ЗА АВТОРИТЕ

**Александар Кржаловски** е активен во граѓанскиот сектор од времето на студиите (1990 година), вработен е во МЦМС од декември 1995 година, а прв извршен директор на организацијата е од 2011 година. Автор е на повеќе истражувања и публикации, а остварил и неколку мисии за оценка на програми и други организации во Македонија и во странство.

**Миша Поповиќ** е постар истражувач во Институтот за демократија Социетас цивилис Скопје, каде работи од 2005 година. Како раководител на Центарот за истражување учествува и координира бројни истражувачки проекти од општествено-политички теми.

# ПРОДОЛЖИ СО ЧИТАЊЕ

**Референдум 2018 – ставови на јавноста во Македонија, август 2018**
https://www.mcms.mk/images/docs/2018/referendum-2018-stavovi-na-javnosta-vo-makedonija.pdf

**Спорот за името, април 2018 година**
http://www.mcms.org.mk/images/docs/2018/sporot-za-imeto-2018.pdf
Инфографик; Јавно мислење и спорот со името, ИДСЦС мај 2018

**Поврзани публикации**
http://www.mcms.mk/images/docs/2011/sporot-za-imeto-makedonija-2011.pdf
http://www.mcms.mk/mk/vesti-i-javnost/vesti/1002-stavovi-na-graganite-za-resenie-na-bilateralniot-spor-na-makedonija-so-grcija.html

**Листа на сите публикации на МЦМС**
http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html
**Листа на публикации на ИДСЦС**
http://idscs.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=205&Itemid=93&lang=mk

**Препораки како да се референцира**
Кржаловски, А., Поповиќ М. (2018) **Референдум 2018 втора анкета**, Скопје, ТВ Телма, МЦМС, ИДСЦС.
https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/2048-referendum-2018-stavovi-na-javnosta-vo-makedonija-vtora-anketa.html